YU ISSN 0350-2821

# дело
# 74

1-2
1989

ШТИП

УДК 3:82

# ДЕЛО 74

СПИСАНИЕ
ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ПРАШАЊА
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА

Основач: Културно-просветна заедница — Штип

Издавач: Друштво за наука и уметност — Штип

Издавачки совет:

Миланчо Успрцов (претседател), Марија Грнева (потпретседател), Ристо Љуботенски, Елица Протугерова, Љупчо Стојменски, Коста Балабанов, Симеон Кожухаров, Елена Патраклиева, Тодор Влахчев, Ѓорѓи Устапетров и Блаже Китанов.

Редакција:

Панче Кировски, Добрила Јовева, Нада Накова, Александар Пецески, Никола Едровски,

Главен и одговорен уредник:
**Блаже Китанов**

Уредник:
**Венко Прилепчански**

Нацрт на корицата
**Петар Наневски**

Год. XVI — број 1—2 јануари — април 1989 година

## СИДА — СИТЕ ЗАЕДНО ЌЕ ЈА ПОБЕДИМЕ

*М. Камчева, Н. Камчев*

Фактот дека за СИДА знаеме веќе десетина години, а сè уште немаме сигурно терапевтско средство, опдатокот од светските здравствени институции дека и за наредните десетина години не треба да се очекува вакција и сигурен лек и бројките за десетина заразени во светот и околу 150.000 болни кои до 1991 година ќе се зголемат за уште еден милион нови болни, сето ова доволно зборува пред каков проблем се наоѓа светот. Болеста поприма пандемски карактер поради што претставува сериозен здравствен, социјален и економски проблем во десетици држави во светот па и во нашата земја. Моментално болеста која рапиидно се шири меѓу ризичните групи, а го загрозува и целото население, но под одредени услови на живеење и однесување.

Современиот цивилизиран свет доживува стрес кој го засега најосетливиот дел на човечкото битие, — здравјето. Од тука, Светската здравствена организација, која е, задолжена да води светска акција за борба против СИДА, ја осмисли стратегијата на таа борба под парола „СИДА — со напор на целиот свет ќе биде победена".

Позната е инфективната природа на болеста, патиштата на ширење, познат е вирусот-предизвикувач и неговите карактеристики, познати се мерките за заштита. Сето тоа претставува една добра основа со која може барем да се запре понатамошната трансмисија на HIV инфекцијата. Во оваа акција треба да учествува секој поединец, но главниот и примарен товар, сепак, паѓа на здравствените работници, во прв ред на лекарите.

Да потсетиме само некои, веќе познати моменти: Како најчесто настанува HIV — инфекција (HIV — хуман имунодефицитарен вирус)?

1. Сексуалниот контакт со лице кое е носител на HIV вирусот или ако настане контакт со неговата крв или сперма. Влезни врати најчесто се: вагина, анален отвор, пенис и устата.

2. Користење на нестерилни игли и шприцеви што е најчесто кај интравенозните наркомани.

3. Употреба на прибор за бричење и прибор за миење заби кои припаѓаат на лице кое е инфицирано со HIV.

4. Вертикален пренос од болна мајка на детето интраутерино или за време на лактација.

СИДА не може да се добие: со вообичаен социјален контакт, ракување, пријателски бакнеж, користење на исто WC, купатило, базен, користење на заеднички чист прибор за јадење, користење на иста постелнина, крпа за бришење, живеење или работа во иста куќа или просторија, кашлање, кивање, масажа на тело или друга козметичка процедура, не може да се добие со дарување на крв, преку укасување од инсекти, куче, мачка или друго домашно животно, користење на секаков вид здравствена услуга каде се работи исклучително со стерилен материјал.

Што може секој да направи за своја лична заштита?

1. Секогаш користете свој личен прибор за бричење и миење заби;

2. Запознајте го лицето на кое и ја подарувате својата љубов. Почекајте малку на сексот.

3. Ако веќе не можете да им одолеете на сите животни страсти, тогаш користете презерватив (кутон) или барајте вашиот партнер тоа да го стори. Залагајте се за „заштитен секс".

4. Смалете го бројот на сексуалните партнери, особено ако не ги познавате.

5. Не се впуштајте во интимни контакти со лица од ризичните групи: хомосексуалци или бисексуалци, проститутки, наркомани.

6. Вашата кожа е убава и без тетовирање. Дупењето на ушите нека го врши само стручно лице во здравствена установа.

7. Наркоманијата сама по себе е зло. Големиот ризик од СИДА го чини уште поголемо.

8. Пријателството утврдувајте го на друг начин — не со крвно братимење.

9. Ако не сте сигурни во своето однесување пред да забремените направете испитување на HIV инфекција.

10. Одржувајте ја личната и колективната хигиена.

СИДА — светски здравствен проблем во големи размери бара акција на целиот свет. „Ширењето на HIV може да биде запрено и покрај тоа што сѐ уште нема вакцина", вели д-р Џонатан Ман — директор на специјалната програма на Светската здравствена организација за борба против СИДА. И понатаму уште појасно вели: „Треба да се научат луѓето како сами да придонесат за запирање на понатамошното ширење на болеста, бидејќи однесувањето на поединецот е клуч за сузбивање на СИДА. Штитејќи се себеси од инфекција вие ќе ги заштитите и другите и ќе дадете свој придонес во акцијата за запирање на ова човечко зло".

И понатаму ние ќе додадеме: Имајте цел во животот. Живејте безбеден живот. Уживајте во заштитен интимен контакт во рамките на моногамија. Немојте да дозволите сами

поради незнаење да си ја изречете смртната пресуда. Ако не штитите себе си ги заштитувате и најблиските и најсаканите околу себе.

## ЛИТЕРАТУРА

1. СИДА — Војислав Шуваковиќ;
2. ЈАМА — бр. 3/1987 година;
3. Зборник радова I Југословенског симпозиума о АИДС у Београду, 1988 година;
5. Синдром стечене имунодефицитарности — Хамзо Мујагиќ и сурадници.

## АДРЕСА НА АВТОРИТЕ — ADRESSE DES AUTEURS

Д-р Милка Камчева, инфектолог — Медицински центар Штип, 92 000 Штип.

Д-р Никола Камчев, трансфузиолог — Медицински центар Штип, 92 000 Штип.